UDC 633.71 ISSN 0494-3244

# ТУТУН

# TOBACCO



| | | |
|---|---|---|
| VOL. 50 | година 2000<br>Прилеп | № 7-8 |



50 ГОДИШЕН ЈУБИЛЕЈ НА СПИСАНИЕТО

**СПИСАНИЕ НА ТУТУНСКАТА НАУКА И СТРУКА**

**BULLETIN OF TOBACCO SCIENCE AND PROFESSION**

50 TH ANNIVERSARY OF BULLETIN



| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ТУТУН<br>TOBACCO | Vol. 50 | № 7-8 | Стр.121-182 | Прилеп | ЈУЛИ<br>АВГУСТ | 2000 |

UDC 633.71 ISSN 0494-3244

# ТУТУН
# TOBACCO

СПИСАНИЕ НА ТУТУНСКАТА НАУКА И СТРУКА
BULLETIN OF TOBACCO SCIENCE AND PROFESSION

ТУТУН TOBACCO Vol. 50 № 7-8 СТР. 121-182 ПРИЛЕП ЈУЛИ АВГУСТ 2000

## СОДРЖИНА

Оригинални научни статии:

Транчева, Р.:
Проучување на отпорноста спрема TMV *(Tobacco mosaic virus)*, пламеница *(Peronospora tabacina Adam)* и црнилка *( Phitophthora parasitica var. nicotinae)* на бугарски и интродуцирани тутунски сорти ........ 123-127

Popović, R., Stančić, I., Pešić V., Veselinović, Z.:
Prinos i neke hemijske osobine novih CMS hibrida duvana tipa burley ........ 128-133

Корубин-Алексоска, А., Трпческа, Ф.:
Технолошки карактеристики на реконструираниот тутун ........ 134-138

Трајкоски, Ј., Пеливаноска, В.:
Влијание на продлабочувањето на ораничниот слој и минералната исхрана врз хемискиот состав на тутунот тип вирџинија ........ 139-151

Ристески, И.:
Триесет години вирџинија во Македонија - - почетоци, состојби и перспективи ........ 152-163

Мицески, Т.:
Некои аспекти на развојната стратегија на тутунското стопанство ........ 164-179

UDC 633.71
Тутун/Tobacco, Vol.50, N° 7-8, 164-179, 2000
Институт за тутун - Прилеп, Р. Македонија

ISSN 0494-3244

УДК: 338.43:663.97.001.76(497.7)
Оригинална научна статија

# НЕКОИ АСПЕКТИ НА РАЗВОЈНАТА СТРАТЕГИЈА НА ТУТУНСКОТО СТОПАНСТВО

**Т. Мицески**
*Институт за тутун - Прилеп*

## Вовед

Постоечките природни и општествено-економски услови за производство и обработка на тутунот и неговата економска оправданост овозможуваат оформување на конзистетна развојна стратегија на тутунското стопанство.

Правилното формулирање на развојната стратегија како вештина за насочување на активностите кон остварување на планираните цели на претпријатијата од областа на тутунската индустрија во Република Македонија има важна улога за стопанството на земјата. Тоа се заснива пред сé на повеќекратното значење што го има оваа гранка, почнувајќи од обезбедување на егзистенција на значителен број на семејства, ангажираност на голема работна сила, учество во вкупниот општествен производ, извозна насоченост како и остварување на нето девизен ефект.

При изготвувањето на стратегијата за развој на тутунското стопанство се имаат предвид ретроспективниот, моменталениот и перспективниот аспект, засниван врз добиените информаци од SWOT анализата на претпријатието со сите специфичности на субјектите од индивидуалниот и опшествениот сектор (претпријатијата), на земјоделството и индустријата во земјата.

Во основа, стратешките приоритети треба да се насочат кон: производствената политика, капиталот, инвестирањето, вработеноста, пазарната политика и политиката на цени, користењето на научни и стручни консултански услуги како и користењето на други мерки и активности.

Со креирање на стратешка конзистетна развојна политика, стопанските субјекти ќе можат да одговорат на предизвикот што го носи времето.

## Материјал и методи на работа

Имајќи ја предвид комплексноста на оваа проблематика, посебно внимание ќе се посвети на расветлувањето на ретроспективните, моменталните и перспективните погледи, а особено на организационо-економските фактори преку користење на соодветни информации од анализите, статистиката и стратегијата за понатамошниот развој на оваа гранка на индустријата.

При изградбата на организационо-економскиот модел, а во интерес на проучувањето на влијанието на големиот број фактори, се настојуваше, врз основа на следењето и анализата на стварните движења, да се прикажат состојбите онакви какви што се и да се даде еден перспективен поглед.

Во обработката на податоците се користени: математичко-статистичкиот, аналитичкиот и компаративниот метод. Како платформа се користатени секундарни интерни извори на податоци и секундарни екстерни извори на податоци.

Наша цел е да изнесеме некои аспекти за развојната стратегија на тутунското стопанство во Р.Македонија.

Согласно вообичаената научна процедура, методолошкиот пристап на овај труд се засниваше врз следниве компоненти:

Прво, тутунското стопанство е значаен дел од целокупното стопанство во земјата и има своја традиција.

Второ, во тутунското стопанство, како дел од целокупното стопанство во земјата, согласно транзиционите процеси, се изврши трансформација на општествениот капитал и денес тоа стопанисува во нови општествено економски односи.

Трето, самите природни услови, традицијата, државниот интерес пред сé, социјалниот аспект и нето девизниот ефект и општата политичка расположба кон тутунското стопанство, даваат можност за конзистентна развојна стратегија.

## Потреба од развојна стратегија на тутунското стопанство

Со оглед на тоа што Република Македонија спаѓа во редот на тутунските земји како со својата традиција така и со природните и општествените услови, може да се каже дека е неопходна потребата од развивање на развојни стратегии на субјектите во тутунското стопанство.

При конципирањето на некои погледи на развојните стратегии на субјектите од тутунското стопанство во голема мера се имаа предвид досегашните и моменталните состојби и неговите можности. Бидејќи тутунското стопанство е дел од целокупното стопанство во Републиката, неговиот концепт на развој не може да биде изолиран од севкупните промени што во сегашниот момент ги носи економската транзиција, како и од начинот на стопанисувањето во земјата и надвор од неа.

Заради поцелосно конципирање на конзистентна развојна стратегија, посебно внимание заслужуваат проучувањето на светскиот тутунски комплекс, неговата специфичност и насоченост како и идентификацијата на внатрешните агроекономски аспекти, искористувањето на компаративните предности, потребите во подрачјето и можностите за нивно развивање по пат на селекционирање и приоритет.

## Светските тутунски трендови

Осознавањето на поважните аспекти, настани и тенденции на афирмираните тутунски стопанства во поедини земји, во глобала и на светскиот пазар на тутун и цигари е од голема важност за насочување на развојот на тутунското стопанство во сопствената земја.

Подалечната ретроспектива говори дека производството на тутун постојано се зголемува. Тоа може да се забележи од Табела 1.

Од табелата и графиконот јасно се гледа дека во прикажаниот долгорочен период има повеќекратно зголемување на светското производство на тутун. Ако се спореди просечното производство од периодот 1934-1938 година со просечното производство од периодот од 1991-1995 година, ќе се види дека истото бележи зголемување повеќе од 2,5 пати.

При погледот пак на последниве години (1991-1996), не може да се рече дека светското производство на тутун се движи рамномерно по некоја нагорна линија, туку напротив, кај него се забележуваат некои осцилации, извесни зголемувања и намалувања. Сепак, може да се каже дека постојано се шири кругот на земјите производители на тутун и се зголемува производноста на конјуктурни тутуни. Конкуренцијата станува се позначајна, како во цените така и во квалитетот.

**Табела 1. Производство на тутун во светот**
**Table 1. Tobacco production in the world**

во 000 тони
in 000 tons

| Континенти и земји Continent and countri | 1934-1938 | 1948-1952 | 1980 | 1985 | 1991-1995 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Азија Asia** | **1.540** | **849** | **2.597** | **3.556** | **4.617** |
| Кина China | 644 | 132 | 1.134 | 2.036 | 2.956 |
| **С.Америка N.America** | **690** | **1.129** | **1.090** | **954** | **924** |
| САД | 590 | 959 | 813 | 702 | 712 |
| **Ј. Америка S.America** | **140** | **192** | **561** | **565** | **664** |
| Бразил Brasil | 93 | 113 | 397 | 411 | 489 |
| **Африка Africa** | **70** | **135** | **389** | **399** | **463** |
| **Европа Europe** | **280** | **378** | **723** | **780** | **745** |
| Поранешен СССР Former USSR | 235 | 157 | 285 | 380 | 183 |
| **Океанија и др.земји** Oceania and other countres | 3 | 4 | 19 | 16 | 18 |
| **Светот The world** | **2.955** | **2.816** | **5.563** | **6.590** | **7.431** |
| **Базен индекс Basic index** | **100** | **0,95** | **1,88** | **2,23** | **2,52** |
| **Верижен индекс Chain index** | **-** | **0,95** | **1,98** | **1.19** | **1,13** |

Извор: Prof. dr Petar Marković, Agrarni razvoj Jugoslavije, Ekonomika, Beograd, 1989, str.301, и Tobacco Journal, International, September/October 5/1996

**Графикон 1. Графички приказ на глобалното светско производство по случајно избрани години и периоди**
**Figure 1. Global world production by randomized years and periods**

во 000 тони
in 000 tons



Табеларниот и графичкиот приказ на глобалното светско производство во последниве шест години би изгледал како што следи во Табелата и Графиконот 2.

**Табела 2. Светското производство на тутун во периодот 1991-1996 година**
**Table 2. World production of tobacco in the period 1991-1996**

во 000 тони
in 000 tons

| Години-Years | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно светско производ. Total world production | 7.607 | 8.340 | 8.306 | 6.392 | 6.508 | 7.166 |
| Базен индекс Basic index | 1,00 | 1,10 | 1,09 | 0,84 | 0,86 | 0,94 |
| Верижен индекс Chain index | - | 1,10 | 1,00 | 0,77 | 1,02 | 1,10 |

**Графикон 2. Светското производство на тутун во периодот 1991-1996 година**
**Figure 2. World production of tobacco in the period 1991-1996**

во 000 тони
in 000 tons




Во овој анализиран период, по растот од 1991 до 1993 година, се забележува опаѓање на производството во 1994 и 1995 година заради добро познатите општествено-економски промени и транзициони процеси во некои земји во светот.

Денес сме сведоци на огромниот притисок и критиките врз тутунската преработувачка индустрија како и на постојаните известувања, а понекогаш и закони за тоа: каде смее да се пуши, кога смее да се пуши, дали смее или треба да се пуши, пушењето е опасно по здравјето, забрането пушење во овие или оние простории, забрането рекламирање на цигарите и тн.

Фискалната политика, тарифите, маркетиншките ограничувања, личните примања и достапноста на преработките од тутун, сето тоа има големо влијание врз пазарот на тутун и тутунски производи.

Покрај тоа, тука е и антитутунската кампања што се повеќе се засилува и е насочена против одгледувањето на самото растение тутун, од кое денес живеат 33 милиони луѓе во светот.

Во многу случаи, финансиската помош на земјите во развој има очигледно дискриминаторски однос спрема проектите поврзани со производството на тутун.

Треба да се спомнат и комплицираните политички прашања поврзани со целокупната агрономска политика на Европската Унија, како и прашањето на производните квоти и субвенции во однос на тутунот и тутунските преработки.

По сето ова, се поставува прашање дали тутунската индустрија е во развој.

Од објавените податоци, некои актуелни, а некои прогнозирани прашања, може да се заклучи дека оваа индустрија е во развој, дури иако годишниот пораст на производството на тутун во последниве години (1994, 1995,1996) е со пониска стапка отколку што беше тоа до 1993 година. Податоците говорат дека во 1994 и 1995 година производството на тутун е опаднато во однос на 1993 година. Тоа, пред сé, се должи како на општите политички и економки состојби во поедини земји во светот така и на цикличниот период, на кој не е имуна, ни оваа гранка.

Дека тутунската индустрија е во развој, говори и фактот што производството на цигари постојано расте, што впрочем може да се види од Табела 3.

Од Табелата 3 и Графиконот 3 се забележува дека производството на цигари, со мало отстапување, постојано се зголемува.

**Табела 3. Производство на цигари во светот**
**Table 3. Production of Cigarettes in the world**

Милион парчиња
Milion Pieces

| Години-Years | 1986 | 1987 | 1988 | 1989 | 1990 | 1991 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно светско производ. Total world production | 4.987.172 | 5.127.696 | 5.255.899 | 5.285.923 | 5.414.164 | 5.522.591 |
| Базен индекс Basic index | 100 | 1,03 | 1,05 | 1,06 | 1,09 | 1,11 |
| Верижен индекс Chain index | - | 1,03 | 1,03 | 1,01 | 1,02 | 1,02 |

| Години-Years | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно светско производ. Total world production | 5.522.591 | 5.362.509 | 5.299.228 | 5.476.625 | 5.579.062 | 5.569.281 |
| Базен индекс Basic index | 1,11 | 1,08 | 1,06 | 1,10 | 1,12 | 1,12 |
| Верижен индекс Chain index | 1,02 | 0,97 | 0,99 | 1,03 | 1,02 | 1,00 |

Извор: Tobacco journal, international, september/october, 5/1991, и Tobacco journal, international, 97 TJI the Year Book.

**Графикон 3. Производство на цигари во светот**
**Figure 3. Production of Cigarettes in the world**

Милион парчиња
Milion Pieces



## Но какви се светските развојни потенцијали ?

Основен фактор за развојната стратегија на тутунското стопанство секако е потрошувачката на тутунот, односно нејзиниот доминантен финален производ-цигарите.

При прогнозирање на побарувачката во иднина треба да се имаат предвид неколку фактори:

-порастот на популацијата;

-потрошувачката моќ на потрошувачите и правците во кои оди потрошувачката на тутунот.

Потешко можат да се предвидат влијанијата врз тутунската индустрија предизвикани од следните појави:

-владината фискална политика;

-прогласите за пушење и здравје;

-ефектите, ако ги има, од намаленото рекламирање;

-ефектите од зголемениот број на прописи во однос на пушењето на јавни места, канцеларии и тн.

-обидите да се измери порастот на реалниот број на потрошувачи во одделни земји каде осетното покачување на потрошувачката на тутун може едноставно да е резултат на преминување од домашно кон фабрички про-изведени продукти.

Главни фактори кои овозможуваат да се одреди една стартна линија врз основа анализата на податоци од изминатите дваесетина години се порастот на популацијата и потрошувачката, како и можноста да се остварува таа потрошувачка преку понудата на тутун.

Светските експерти по оваа проблематика во наредниот период очекуваат светската потрошувачка да се зголемува просечно за 1,9% секоја година понатаму, во поблискиот иден период. Се подразбира само по себе дека поголем пораст се очекува во земјите во развој.

Придонес кон зголемувањето на продажбата на сите потрошувачки единици, вклучувајќи ги и преработените, фабрички тутунски продукти е потенцијалот за пораст на висината на расположивите средства за овие единици.

## Фактор потрошувачка

Врз основа на порастот на популацијата во светот и потрошувачката моќ на потрошувачите од една страна како и негативните или антитутунски влијанија кои беа претходно спомнати, може да се очекува мало покачување на потрошувачката по глава на жител.

Значи, проценката на потрошувачката или побаручачката се базира врз трите фактори:

1) Зголемената популација на возрасни.

2) Зголемување на расположивите средства за потрошувачките производи.

3) Маргинален пораст на употребата на тутунот по глава на жител.

Проучувањата покажуваат дека земјите во развој наскоро ќе постигнат висок процент во зголемувањето на потрошувачката на цигари. Тоа произлегува од самите прогнози за прирастот на популацијата кои им се добредојдени на тутунските компании за да го насочат рекламниот бум.

Исто така и женскиот пазар претставува голем потенцијал за зголемување на потрошувачката на цигари, особено во Африканските земји.

Наспроти тоа, во некои развиени земји се очекува благо намалување на потрошувачката, предизвикано од преземените мерки и антипушачките пропаганди.

Имајќи ги предвид овие основни фактори, како и други фактори, светските експерти по оваа проблематика прогнозираат една средна вредност на порастот на потрошувачката во светот од околу 1 до 4 % годишно, во понатамошниот поблизок период од 5 до 10 години.

Вака предвидената потрошувачка се очекува да се задоволи преку зголеменото производство на тутун во наредниот период.

Влијанието на многубројните фактори врз зголемувањето или намалувањето на производството и потрошувачката на тутун и тутунски финални производи, а пред сѐ: производството во изминатиот неколкуго-

дишен период, движењето на цените во тој период, трошоците на производството, особено фармерското производство и неговата профитабилност, влијанијата што владините и другите установи што можат да ги донесат во врска со тутунот и сл. ќе доведат до тоа, како што претпоставуваат експертите, понудата на тутун да се зголемува за над 1 % секоја година во понатамошниот поблизок период од 5 до 10 години.

Истовремно, според предвидувањата што ги видовме, побарувачката ќе има просечен пораст од околу 1 до 4 % секоја година, од гледна точка на фабрикантите.

Има податоци што оваа бројка ја прават уште поголема. Навистина, фабричката технологија, антипушачкото лоби и другите влијанија претходно спомнати, можеби ќе потврдат дека овие пресметки за побарувачката се оптимистички, но едно е сигурно-фабричката индустрија ширум светот ќе продолжи да бара тутун во лист.

Од сето ова може да се заклучи дека тутунската индустрија продолжува да се развива и ниту технологијата, ниту надворешните влијанија нема да ја елеминираат потребата од тутун за да се задоволи побарувачката. Меѓутоа традиционалната трговија и начинот на плаќање, најверојатно ќе претрпат измена.

## Тутунските трендови во Р. Македонија

Подалечната ретроспектива покажува дека и во Р.Македонија се забележува пораст на производството на тутун како по години така и по периоди се до 1998 година кога има достигнато највисоко ниво на годишно производство од 35.020 тони тутун. После тоа се забележува постепено опаѓање. Впрочем, тоа може да се види од Табелите и Графичките прикази 4, 5, 6, 7.

**Табела 4. Производство на тутун во Р. Македонија**
**Table 4. Tobacco production in Macedonia**

во тони
in tons

| Години-Years | 1936-1940 | 1948-1952 | 1980 | 1985 | 1991-1995 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно годишно производ.<br>Total year production | 8.599 | 9.500 | 23.587 | 30.728 | 22.050 |
| Базен индекс<br>Basic index | 1,00 | 1,11 | 2,74 | 3,57 | 2,56 |
| Верижен индекс<br>Chain index | 1,00 | 1,11 | 2,48 | 1,30 | 0,72 |

Извор: Статистицки годишник на Република Македонија, 1995, стр. 303 Обработката е наша.

**Графикон 4. Графички приказ на глобалното производство по случајно избрани години и периоди во Р.Македонија**

**Figure 4. Global production by randomized years and periods in R.Macedonia**

во тони
in tons




**Табела 5. Просечно производство на тутун во Р. Македонија по среднорочија**

**Table 5. Production of tobacco in the Republic of Macedonia ( in five - year periods)**

во тони
in tons

| Среднрочие<br>Five-year periods | Просечно годишно производство<br>Average year production |
|---|---|
| 1952-55 | 10.765, |
| 1956-60 | 19.180, |
| 1961-65 | 21.268, |
| 1966-70 | 23.880, |
| 1970-75 | 29.022, |
| 1976-80 | 30.041, |
| 1980-85 | 29.846, |
| 1986-90 | 25.983, |
| 1991-95 | 22.050, |

Извор: Статистички годишник на Република Македонија, 1995, стр. 303. Обработката е наша.

**Графикон 5. Производство на тутун во Р. Македонија по среднорочија 1952-1995 година**

**Figure 5. Tobacco production in years and periods in R. Macedonia 1952-1995**

во тони
in tons




**Табела 6. Производство на тутун во Р. Македонија во периодот 1991-1996 година**

**Table 6. Tobacco production in Macedonia , 1991-1996**

во тони
in tons

| Години-Years | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно производство<br>Total production | 25.195 | 26.506 | 24.002 | 18.862 | 15.683 | 14.958 |
| Базен индекс<br>Basic index | 1,00 | 1,05 | 0,95 | 0,75 | 0,62 | 0,59 |
| Верижен индекс<br>Chain index | - | 1,05 | 0.91 | 0,79 | 0,83 | 0,95 |

**Графикон 6. Производство на тутун во Р. Македонија во периодот 1991-1996 година**

**Figure 6. Tobacco production in Macedonia , 1991-1996**

во тони
in tons



**Табела 7. Производство на цигари во Р.Македонија**
**Table 7. Production of Cigarettes in Macedonia**

Милион парчиња
Milion Pieces

| Години-Years | 1986 | 1987 | 1988 | 1989 | 1990 | 1991 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно светско производ. Total world production | 15.578 | 16.188 | 17.706 | 15.475 | 16.826 | 17.226 |
| Базен индекс Basic index | 100 | 1,04 | 1,14 | 0,99 | 1,08 | 1,11 |
| Верижен индекс Chain index | - | 1,04 | 1,09 | 0,87 | 1,09 | 1,02 |

| Години-Years | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно светско производ. Total world production | 17.226 | 14.110 | 10.730 | 12.428 | 10.463 | 7.294 |
| Базен индекс Basic index | 1,11 | 0,91 | 0,69 | 0,80 | 0,67 | 0,47 |
| Верижен индекс Chain index | 1,02 | 0,82 | 0,76 | 1,16 | 0,85 | 0,70 |

Извор: Анализа на остварените резултати во АД „Југотутун" Скопје од 1990 и 1996 година.

**Графикон 7. Производство на цигари во Р. Македонија во периодот 1986-1996 година**
**Figure 7. Production of Cigarettes in Macedonia**

Милион парчиња
Milion Pieces




Податоците зборуваат дека во последните години производството на тутун и цигари опаѓа. Во овој период, како основни причини кои влијаат за ваквата состојба, се наведуваат општествено-економските промени, политичките и економските блокади, неповолните состојби и војни во одделни делови од поранешниот југословенски простор и сл.

## Краток осврт и мислење за економските состојби на претпријатијата

Од анализата на работењето на претпријатијата можат да се извлечат повеќе констатации меѓу кои би биле и следниве:

-Поголем дел од претпријатијата во последните четири години континуирано покажуваа негативни финансиски резултати.

-Енормно зголемување на расходите на финансирање од година на година, што претедно се должи и на зголемувањето на каматите.

-Во последните четири анализирани години кај поголем дел од претпријатијата се намалува трајниот капитал.

-Заради неможноста за обезбедување на самофинансирање, претпријатијата биле принудени да се задолжуваат кај финансиските институции со пресметани високи камати.

-Постојани тешкотии во наплаќањето на побарувањата, но уште поголеми тешкотии при измирувањето на обврските.

-Деловната успешност гледана преку индикаторите добивка спрема вкупниот приход, степенот на акумулативната способност и степенот на репродуктивната способност се намалува од година на година.

-Показателите за економичноста се доста неповолни и, општо погледнато, од година во година се влошуваат.

Општ е заклучокот дека во изминатиот петгодишен период поголем дел од претпријатијата во тутунската индустрија покажаа лоши деловни резултати, а кај дел од нив беа поведени стечајни постапки.

## Дијагностицирање на некои проблеми за ваквата состојба на претпријатијата во Републиката

Покажаните лоши деловни резултати во наведениот период покрај другите се должат и на:

-Неповолните услови на стопанисување поради политичките и економските промени во Републиката и поспорото адаптирање на стопанските субјекти кон нив, политичките и економските блокади, војните во некои делови од поранешниот југословенски простор, а со тоа и затвореност на тие де-лови од пазарот, и сл.

-Психолошката страна, во смисла на неправилно сфаќање на промените и транзицијата.

-Лошото раководење и брзата промена на раководители во некои претпријатија.

-Неорганизираното работење.

-Големата презадолженост како со подигнување на кредити така и со високата каматна политика.

-Отпис на голема количина на готова стока во некои претпријатија поради несоодветен квалитет, дотраеност, поминат рок и недомаќинско работење.

-Одлевање на средства за споредните дејности како што се трговијата и угостителството поради несоодветното водење на тие дејности и тн.

## Општи кратки констатации и можности работењето на претпријатијата (SWOT анализа)

Согласно направените анализи може да се констатира дека во претпријатијата како ***силни страни*** се појавуваат:

-Долгогодишната традиција во основната тутунска дејност.

-Техничката и технолошката опременост за извршување на дејноста.

-Претпријатијата располагаат со технички капацитети за потребите за обработката и сместувањето на тутунот.

-Задоволувачки расположливи капацитети потребни за производство, обработка и сместување на тутунот.

-Соодветната локација на претпријатијата, нивната добра местоположба, комуникативната поврзаност и соодветните климатско почвени и демографски услови за производство на тутун.

-Поволните односи за производство и промет на тутун.

Како посебно изразени ***слаби страни*** се јавуваат:

-Неподмирени обврски кон доверителите.

-Недоволно и нерамномерно користење на капацитетите по технолошки фази.

-Дел од застарената опрема наскоро ќе треба да се ремонтира.

-Спора адаптибилност на вработените согласно промените што ги носи времето.

Покрај наведените слаби страни се јавуваат ***и опасности*** во понатамошното работење на претпријатијата како што би биле:

-Сеуште неизмирените обврски кон доверителите, а особено кон вработените, можат да доведат дел од претпријатијата и во понатамошниот период да покажуваат слаби финансиски резултати.

-Опасност од дотраеност на дел од опремата доколку не се интервенира, што може да доведе до целосен застој на технолошкиот процес.

-Опасност од влез на нова конкуренција од оваа дејност, особено во откупот на тутун доколку претпријатијата не се спремни да одговорат на истата. Со тоа би се изгубила досегашната таканаречена конкурентска положба на претпријатијата од оваа гранка на соодветното подрачје.

Исто така, кај претпријатијата *постојат објективни* ***можности*** за поуспешно натамошно работење преку надминување на слабостите и опасностите на стопанисување од внатрешни и надворешни влијанија. Такви можности би биле следниве:

-Постојат објективни можности за оптимално користење на капацитетите во претпријатијата со новонастанатите услови за производство и откуп на тутун.

-Посебни можности се јавуваат за успешно понатамошно работење.

-Обезбедениот пазар на тутунот од страна на спезијализираната трговска фирма "Македонија-Табак" Скопје како и надворешните, т.е. странски фирми, гарантираат во овие години непречена реализација на целиот произведен и преработен - ферментиран тутун.

-Проширувањето на основната дејност со дополнителни дејности, согласно подрачјето.

## Некои аспекти од развојна стратегија на тутунското стопанство

Во наредниот период, при реализацијата на стопанската и аграрната политика се очекува да му се даде посебно место на тутунот, бидејќи тутунското стопанство има посебно значење за развојот не само на поедини општини, туку и на Републиката.

Во наредниот период, со подобрување на условите за стопанисување, се очекува зголемување на реализацијата на тутун, што е предвидено и со Стратегијата за долгорочен развој на земјоделството во Република Македонија.

Во наведената Стратегија, во контекст на порастот на индустриските култури до 2010 година, се предвидува и пораст на производството на тутун над највисокото годишно достигнато ниво досега.

Ваквото зголемување на производството на тутун ќе се засновува врз политиката на развојот на земјоделството која треба да се темели врз:

1. Зголемување на економската ефикасност на земјоделството,

2. Воведување на специјализација на стоковното производство со призводи кои ќе бидат афирмирани и конкурентно способни на светскиот пазар.

3. Концепција на долгорочен развој на земјоделското производство која се заснова врз пазарната и економската ефикасност во користењето на расположливите природни ресурси и фактори на производството и производствената структура и обем кои гарантираат рационално самозадоволување со земјоделски производи и респект кон интеграцијата со преработувачката индустрија и извозот.

4. Воведување на современи научно-технички решенија, знаење, информатички средства и стручни служби на село.

5. Поголема економска и еколошка употреба на природните ресурси поврзани со земјоделското производство.

Со овие постулати за развој на земјоделството се има за цел постигнување на оптимална производствена структура на земјоделско производство која гарантира покривање на растечките потреби на населението, стоката, индустриските капацитети и извозна ориентација со можна поддршка од адекватна активна позитивна аграрна политика.

Во контекстот на стратегијата за развој на земјоделството посебно место зазема тутунот, при што се истакнува дека во сегашнава ситуација Македонија е заинтересирана за производство на квалитетен тутун и негов извоз.

Тоа значи дека тутунот се вбројува во позначајните извозни култури, па затоа во Стратегијата, буквално, се истакнува следново:

"Кога станува збор за поодделни производи, посебно е значаен извозот на **тутун**, јагнешко месо и вино, и нешто помалку на овошје и зеленчук - свежи и конзервирани. Во поглед на тутунот, кој преставува мошне значаен извозен производ на македонскиот аграр, ЕУ овозможува преференцијален третман, особено за типот прилеп. Напорите треба да се насочени кон сигурно одржување на овие релации, како и кон нивно зголемување по квалитет и разгранетост на пласманот и во други земји. Готовиот производ на тутунската индустрија - цигарите, претставуваат посебен аспектг.

Сигурно дека производството на тутун ќе зависи и од политиката на цените.

Земјоделското производство во услови на пазарна економија во државата, без оглед на нивото на развиеност на стопанството, не е оставено без грижа на државата, на комплетното дејство на економските законитости.

За таа цел, секоја држава изградува концепт на список од основни производи кои ги става во режимот на заштитната политика.

Во Стратегијата за долгорочен развој на земјоделството се вели дека за Р. Македонија предмет на заштита треба да биде списокот на производи кои имаат национално обележје, носат значаен финансиски и нето девизен ефект и се од стратешко значење согласно производните делови, изградените капацитети за доработување и чување, како и потребата на Р. Македонија да се обезбеди со основни животни потреби од сопствено производство. Во овие производи се наведува и тутунот.

## Некои стратешки приоритети на развојната стратегија на тутунските субјекти

Во основа, стратешките приоритети треба да се насочат кон: производствената политика, капиталот, инвестирањето, вработеноста, пазарната политика и политиката на цени, користењето на научни и стручни консултански услуги како и користењето на други мерки и активности.

Заради поцелосна реализација на наведените стратешки приоритети е неопходно е истите посебно да се разработат во соодветната стратегија на оделните стопански субјекти.

Овде воопштено и накратко би иницирале некои зафати во контекст на развојните приоритети при формулирањето на конзистетна развојна стратегија на тутунските субјекти.

### *а) Производствена политика*

Традицијата на нашето поднебје и долгогодишната т.н. специјализација во производството и обработката на тутун, овозможуваат понатамошно квалитативно и ефикасно производство на тутун. Но, согласно времето и современиот начин на организација и производство, неопходно е воведување на некои промени, меѓу кои би биле:

-Избор на современа и најповолна организација на тутунските стопански субјекти каде најефикасно би се извршувале производствените процеси, притоа имајќи ги предвид традицијата, искуството, умеењето, знењето и потребата од осовременување согласно современите светски процеси.

-Заштитување и унапредување на квалитетната сортна застапеност согласно квантитетот и квалитетот и барањата на пазарот.

-Стручно и квалитетно производство и обработка на тутунот преку поцелосна посветеност на истиот, особено во индивидуалниот сектор.

-Развивање на фармерско производство на тутун.

-Агрономско и организациско унапредување на производството на сите видови на тутун за кои имаме услови, пазарна побарувачка и економска оправданост.

-Тесна соработка на индивидуалните тутунопроизводители, фармерите со тутунските претпријатија и научната организација Институт за тутун, околу проблемите поврзани со квалитетното производство на тутун.

-Прифаќање и развивање на чувството дека производството на тутун треба да преставува основна и приоритетна дејност на индивидуалното семејство таму каде условите го дозволуваат тоа.

Производната политика заедно со продажбата на тутунот се основните приоритети во градењето на развојната стратегија на тутунските субјекти, на кои се надградуваат другите приоритети како што се: капиталот, инвестирањето, вработеноста, пазарната политика и политиката на цени, користењето на научни и стручни консултански услуги како и користењето на други мерки и активности.

*б) Капитал*

Имајќи го предвид досегашниот расположлив капитал на тутунските производствени субјекти како од аспект на капацитети, материјални ресурси, човечки ресурси така и од аспект на обртни средства и тн, може да се рече дека постојат реални можности за понатамошен развој.

Со релативно скромни вложувања би се оспособиле градежните објекти за основната или дополнителна дејност, со посебно преадаптирање.

Материјалните и човечките ресурси се значаен фактор за понатамошното работење и развој на претпријатијата; со оглед на расположливоста може да се рече дека истите ги има во доволна мерка.

Недостатокот на обртни, пред сé парични средства, согласно практиката во светот, би се решавал преку краткорочни, среднорочни и долгорочни кредитни линии со приоритет на посебно издржани програми за развој, со соодветни услови: гаранции, хипотеки, грејс период итн.

*в) Инвестирање*

Секој развој посакува инвестирање. Затоа, тутунските субјекти своите инвестициони активности во наредниот период би ги насочиле кон осовремување на постоечките капацитети, развој на фармерско производство на тутун, поцелосно искористување на постојните површини и усвојување на нови површини, набавка на погонска и приклучна механизација, опрема за наводнување, инвестирање во развој на научни методи и користење на услугите од специјализирани научни институции како што е Институтот за тутун Прилеп.

*г) Вработеност*

Со оглед на тоа што тутунот претставува трудоинтензивна земјоделска култура, истиот дава можности за поголема ангажираност на работна сила и вклучување на физички послаба работна сила (деца, старци и други лица со ограничена работна способност за потешка физичка работа), која како дел од семејството би дала придонес во производството и обработката на тутунот.

Овај фактор и во наредниот период ќе биде на расоплагање.во доволна мера.

*д) Пазарна политика и политика на цени*

Пазарната политика и политиката на цени, без ралика кој ја креира (државата, мултинационалните компани и сл), треба да обезбедува стабилност во пазарниот механизам и мотивираност на тутунопроизводителите.

*е) Развивање на научни и стручни консултански услуги*

Современото производство што зема се поголем замав се одразува и на тутунопроизводството, било во колективна форма (поранешните општествени претпијатија) или во приватниот сектор, преку развојот на фармерско производство или потесно индивидуално тутунопроизводство. Со себе тоа ја носи потребата од развивање и користење на научни и стручни колсултански услуги, преку поврзувањето со научно-истражувачки институции, обука на кадри во сопствените служби во претпријатијата, редовно информирање на тутунопроизводителите во врска со примената на современите методи во производството, контрола на сортната застапеност, квалитетот и сл.

Наведените стратешки приоритети се основата при градењето на развојната стратегија на тутунските субјекти во наредниот период. Секако дека секоја развојна стратегија на одделните тутунски субјекти има своја специфика и бара посебно внимание.

## Заклучок

Правилното формулирање на развојната стратегија, како вештина за насочување на активностите на претпријатието кон остварување на планираната цел, подразбира ретроспективен, моментален, како и перспективен поглед заснован врз добиените информаци од SWOT анализата на претпријатието.

При изготвувањето на стратегијата за развој на тутунското стопанство се имаат предвид специфичностите на субјектите од индивидуалниот и опшествениот сектор (претпријатијата), на земјоделството и индустријата во земјата.

Во основа, стратешките приоритети треба да се насочат кон: производствената политика, капиталот, инвестирањето, вработеноста, пазарната политика и политиката на цени, користењето на научни и стручни консултански услуги како и користењето на други мерки и активности.

Со креирање на стратешка конзистетна развојна политика, стопанските субјекти ќе можат да одговорат на предизвикот што го носи времето.

## Литература


1. Ѓориески Ѓ. Некои аспекти на аграрната политика во развојната стратегија на аграрот.

2. Marković P., 1989. Agrarni razvoj Jugoslavije, Ekonomika, Beograd.

3. Мицески Т. Местото и улогата на тутунот во стратегијата за долгорочниот развој на стопанството во Република Македонија, Тутунски лист, април-мај 1996 година.

4. Попоски Љ. Состојби и перспективи на тутунското стопанство во Република Македонија. Балканска конференција за тутун, Сандански - Бугарија, јули 1996 година.

5. Попоски Љ., 1990. "Состојби и перспективи на ориенталските тутуни на Југословенскиот пазар". Симпозиум на CORESTA, Солун.

6. Попоски Љ., 1991. "Некои апсекти на организацијата на производството на вирџиниските тутуни во Република Македонија". 13-то Саветовање о производњи духана типа вирџиније и берлеј, Дубровник, 2 - 4 април, "Тутун" 11-12.

7. Попоски Љ., 1993. "Фактори кои влијаат врз зголемената производност на ориенталските тутуни во Р. Македонија", Тутун бр. 1-12.

8. Статистички годишник на Република Македонија, 1995. Statisical Yearbook of the Republic of Macedonia, 1995,

9. Tobacco Briefing,"International Tobacco Growers Association", East Grinstead, West Sussex RH 18 5FA, England , August 1994.

10. Tobacco Journal, International September/October, The New Face of Europe, 5/1994, 81-87.

# SOME ASPECTS OF THE DEVELOPMENT STRATEGY IN TOBACCO ECONOMY

*T. Miceski*

*Tobacco Institute - Prilep*

## SUMMARY

*The existing natural and social-economic conditions for tobacco production and its economical justification enable the formation of a consistent strategy for development of tobacco economy.*

*The adequate formulation of this strategy, as a skill to focus the activities on realization of the projected aim, implies three different points of view - retrospective, present and perspective, based on the information obtained from the SWOT analysis of the enterprise. Moreover, specific distinctions of the subjects envolved in the individual and public sector (enterprises), agriculture and industry of the country must be taken into account.*

*In general, strategic priorities should be focused at: productional policy, capital, investment, employment, market policy and policy of prices, using scientific and consulting services and other activities.*

*The consistent strategy of development will enable the subjects envolved in tobacco economy to meet the challenge of the time.*

*Author's address:*
*T. Miceski*
*Tobacco Institute*
*97500 Prilep*
*Republic of Macedonia*